ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 12- 805/1**
**08.05.2019 год.**
**Гевгелија**

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**Предмет: Доставување Извештај за искористување на доделените средства како финансиска поддршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители**

Почитувани,

Во прилог на дописот Ви го доставуваме Извештајот за искористување на доделените средства како финансиска поддршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители, согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (" Службен весник на Република Македонија"бр.209/18).

Согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки кориднициосновани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (" Службен весник на Република Македонија"бр.209/18), Општина Гевгелија има пријавено доспени, а неплатени обврски во Електронскиот систем на пријавување и евиденција на обврските заклучно со месец септември 2018 година вкупен износ од 118.876.728,00 денари од кои 51% или 60.627.131,00 денари се преведени на посебна жиро сметка на Општина Гевгелија.

Општина Гевгелија согласно член 8 од Законот, објави Јавен повик до доверителите на Општина Гевгелија и доверителите на единките корисници основани од Општина Гевгелија, од областа на образованието,културата и детската заштита, за пријавување на доспеани а неплатени побарувања со архивски број 08-1867/1 од 07.12.2018 година.

Со пријавените доверители на Јавниот оглас направени се Записници за утврдување на износот на доспеани а неплатени обврски со архивски броеви од 12-188/1 од 25.01.2019 година до архивски број 12-188/12 од 11.02.2019 година, во кои камата не е побарано од доверителите, а исто така не е одобрен дисконт од ниеден доверител.

Од одобрениоит износ во висина од 60.627.131,00 денари, 59.886.484,00 денари се финансиски средства за Општина Гевгелија а останатите од 740.647,00 денари се

финансиски средства за единките корисници со следните износи и тоа: ЈОУ ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци-Гевгелија 1.938,00 денари; ЈОУ ООУ "Климент Охридски"-Миравци-Гевгелија 58.223,00 денари; ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методи"-Гевгелија 16.461,00 денари; ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија 111.627,00 денари и ЈОУ Детска градинка"Детска радост"-Гевгелија 552.398,00 денари.

Согласно член 11 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (" Службен весник на Република Македонија"бр.209/18), средствата се дадени на користење на Општина Гевгелија со посебна изјава-договор, од секоја единка корисник.Советот на општина Гевгелија за овие финансиски средства, донесе Одлука за одобрување на средства на користење за финансирање на доспеани а неплатени обврски на општината, доделени на единките корисници на Општина Гевгелија со архивски број 09-374/1 од 20.02.2019 година.

По завршувањето на процесот на преговори и направените записници, Градоначалникот на Општина Гевгелија изготви Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани , а неплатени обврски и Збирен извештај за вкупниот договорен износ по доверители за исплата на доспеани, а неплатени обврски од средства обезбедени како финансиска поддршка од Буџетот на РМ .

Одлуката за одобрување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на општина Гевгелија со архивски број 09-376/1 од 20.02.2019 година и Одлуката за одобрување на Збирниот извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски од средствата обезбедени како финансиска поддршка од Буџетот на РМ со архивски број 09-378/1 од 20.02.2019 година се донесени на Дваесет и треттата седница на Советот на општина Гевгелија одржана на ден 20.02.2019 година.

Согласно донесениот Буџет на општина Гевгелија за 2019 година и програмата А-3-Подмирување на доспеани а неплатени обврски, средствата во висина од 60.627.131,00 денари почнувајки од 01.03.2019 година до 26.03.2019 година се исплатени во цел износ.

Овие финансиски средства добиени согласно Законот за финансиска поддршка на единиците на локална самоуправа и единки коридници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски (" Службен весник на Република Македонија"бр.209/18), во Општина Гевгелија одиграа значајна улога за наредниот период да може да се подмируваат обврските а и да се креираат нови политики за развој на општината.

Прилог:

- Јавен повик бр.08-1867/1 од 07.12.2018 год.
- Одлука за одобрување на средства на користење за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на општината,доделени на единките корисници на општина Гевгелија бр.09-374/1 од 20.02.2019 год.
- Извештај за вкупен договорен износ по доверители за финансирање на доспеани а неплатени обврски бр.09-375/1 од 20.02.2019 год.
- Одлука за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани а неплатени обврски на Општина Гевгелија бр.09-376/1 од 20.02.2019 год.
- Збирен Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски бр.09-377/1 од 20.02.2019 год.


Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

-Одлука за одобрување на Збирниот извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски од средствата обезбедени како финансиска поддршка од Буџетот на РМ бр.09-378/1 од 20.02.2019 год.

Овој Извештај ќе биде објавен на веб страницата на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk

Со почит,

Изработил,
Одделение за финансиски прашања:
Лилјана Кичукова Дипл.екк

Градоначалник
на општина Гевгелија

*М-р Сашо Поцков*

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk